Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Сектор за кординација и техничка помош на министерот -

**ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНАТА РАБОТИЛНИЦА ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ ЗА 2021 ГОДИНА**

**Октомври 2020 година**

**Активности и мерки поврзани со Имплементацијата на Стратегијата на Ромите се реализирани во период од јанаури до септември 2020 год**


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

**Министерство за образование и наука**

Во периодот од јануари до септември 2020 година во делот образование и имплементација на активности согласно Националната Стратегија за Роми, реализирани се сите тековни активности кои се дефинирани со закон и воедно се споменати во Акциските планови за образование на Роми.

Во делот поддршка на **основното образование на Роми**, се имплементираат и превземаат активностите како што се Ромски образовни медијатори. Оваа мерка за поддршка на образованието на Роми, од август 2019 година е споменета во Законот за основно образование на Република Северна Македонија, член 37.

Тековно за учебната 2019/20 година, ангажирани се 35 ромски образовани медијатори од 28 општини во Република Северна Македонија и во изминатиот период истите се ангажирани освен за активностите кои ги преземаат за информирање за можностите и пристапот до училиште на децата Роми кои доаѓаат од социјално загрозени семејства и за да потпомогнат на децата кои не беа во можност да ја проследат наставата на далечина поради новонастанатата состојба со Ковид 19. Ангажманот на ромските образовни медијатори согласно потпишаните договори, заврши во месец август 2020 година и во месец септември беше објавен нов Јавен повик за ангажирање на 35 ромски образовни медијатори од 28 општини за учебната 2020/21 година.

Во делот поддршка на **средното образоание на Роми**, по објавениот Конкурс за доделување на стипендии на средношколци Роми од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија, доделени се вкупно 849 стипендии за средношколци Роми во пет категории за учебната 2019/20 година.

1. Во **прва категорија** се доделени 191 стипендии за средношколци Роми со успех од 4.50 до 5.00;
2. Во **втора категорија** се доделени 287 стипендии за средноколци Роми со успех од 3.50 до 4.49;
3. Во **трета категорија** се доделени 169 стипендии за средношколци Роми со упсех од 3.00 до 3.49;
4. Во **четврта категорија** се доделени 7 стипендии за средношколци Роми со специјални образовни потреби со постигнат успех од 3.00 до 5.00; и
5. Во **петта категорија** се доделени 192 стипендии засредношколци Роми со успех од 2.00 до 2.99.


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Тековно по потпишаните договори пред самиот почеток на пандемијата, во месец мај е направена и првата исплата на стипендијата.

Во делот поддршка на **високото образование на Роми**, во периодот од јануари до септември 2020 година, по објавениот Конкурс за доделување стипендии на 130 студенти Роми запишани во јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија, доделени се вкупно 100 стипендии на студенти Роми за академската 2019/20 година. Во периодот од март до април месец 2020 година, испатена е и првата рата од стипендијата за пет месеци.

**Министерство за здравство**

Во периодот јануари – септември 2020 година Министерството за здравство продолжи со имплементација на проектот за ромски здравствени медијатори како политика која ја таргетира исклучиво ромската полулација, а е во согласност со мерките и активностите предвидени во Стратегијата на Ромите во областа здравство.

Во исто време Министерството за здравство продолжи со имплементација на годишните превентивни и куративни програми наменети за општата популација вклучувајќи ги и Ромите. Во рамките и на овие програми исто така се спроведуваат мерки и активности кои се во согласност со Стратегијата. Поради отсуството на евиденција според етничката припадност недостасуваат податоци за искористеноста на овие програми од страна на ромската популација.

**Министерството за труд и социјална политика**

Во Буџетот на Република Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 265/2019), во Раздел 13001-Министерство за транспорт и врски, Програма 1 - Администрација, Потпрограма 11 - Поддршка на имплементација на Декадата и Стратегијата за Ромите, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС, утврдени се средства во висина од 40.000.000,00 денари наменети за реализација на проекти од комуналната инфраструктура и други проекти согласно донесената Стратегија за Роми 2014-2020 и Националниот акциски план за домување.

Од страна на Владата на Република Северна Македонија донесена е Одлука бр.44-1592/1 од 15.02.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 41/2020“) за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Ромите со која на општина Кочани се врши распределба на 16.000.000,00 денари од планираните средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, Раздел 13001-Министерство за транспорт и врски, Програма 1 - Администрација, Потпрограма 11 - Поддршка на имплементација на Декадата и Стратегијата за Ромите, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС.

Од страна на Владата на Република Северна Македонија донесена е Одлука за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите бр.44-2866/1 од 09.04.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 97/2020"), со која од средства во Раздел 13001-Министерство за транспорт и врски, Програма 1 - Администрација, Потпрограма 11 - Поддршка на имплементација на Декадата и Стратегијата за Ромите, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС извршено е намалување во висина од 20.000.000,00 денари. (ребаланс на Буџет).

Во моментов на оваа горенаведена ставка во Буџетот на Министерството за транспорт и врски има 4.000.000,00 денари.

**Министерство за труд и социјална политика**

1. **Генерални политики**

**Социјална заштита**

**Колку корисници на ГМП вкупно, колку од нив се Роми ?**

**Реформа на социјална и детска заштита која што оди во прилог на**

- **Зголемување на Гарантираниот минимален приход**
- **Поврзување со детскиот и образовен додаток**
- **Поврзување со задолжителната активација на пазарот на труд и подготовка на заеднички индивидуални планови кои се подготвуваат од страна на АВРМ и ЦСР – Колку индивидуални планови се спремени за колку лица од корисници на ГМП и колку од нив се Роми**

**Привремено зрижување на бездомници во Чичино Село.**


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

**Колку лица се згрижени во моментот, колку од нив се Роми ?? Кои мерки и каква програма со имплементира со нив ?**

**Активација на пазарот на труд**

**Таргетирани роми во Активните мерки за вработување кои носат до директни вработувања и мерки кои овозможуваат потикнување на вработливоста преку обуки во реални работни услови како и пилотирање на посебна програма за активација на невработени Роми со УНДП.**

**Колку роми се опфатени во рамките на мерките ?**

**Еднакви можности**

**Подготовка на закон за антидискриминација во кој што меѓу останатото се предвидува**

- **Ослободување од судски такси на припадниците на помалите заедници**

**Предлог закон за спречување и заштита од насислтво врз жените**

**Процес за анализа на учебници од родов аспект (согласно сите аспекти пол, раса и род) поджано во рамките на УН.**

**Детска заштита**

**Образовниот додаток**

**Колку деца беа вклучени во градинка колку од нив беа Роми ?**

На 9 септември е донесено одлука да се отворат установите за згрижување и воспитување на деца – детски градинки/центри за ран детски развој.

Донесен е протоколот за активности во установите за згрижување и воспитување на деца кој опфаќа план на активности и делувања кои се однесуваат на самата установа, на воспитно-згрижувачкиот кадар и на родителите на децата кои ќе посетуваат градинка.


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Приоритет за посетување на градинка ќе имаат децата на самохраните родители и децата на двајца родители кои се вработени и ќе донесат потврда од работодавачот дека работните задачи не може да ги извршуваат од дома.

Изминатиот период вработените во градинките ги контактираа родителите на децата, по што се утврди дека согласно Протоколот, градинките имаат капацитет да згрижат 19.000 деца, но интерес за згрижување пријавиле родители на 14.555.

Доколку градинките имаат повеќе слободни места, односно согласно критериумите од Протоколот можат да згрижат повеќе деца од приоритетните, во тој случај можат да прифатат други деца што се запишани во градинката. Согласно Протоколот, групите за деца до две годишна возраст треба да имаат најмногу шест деца, за кои ќе се грижат двајца вработени, додека групите од 3 до 10 годишна возраст треба да имаат најмногу 15 деца и двајца вработени.

## 2. Таргетирани политики во согласност со Стратегијата на Ромите.

### Инклузија на деца Роми во предучилишно образование

Министерството за труд и социјална политика во соработка со Ромскиот едукативен фонд (РЕФ) веќе 13 учебни години по ред го имплементира проектот Инклузија на деца Роми во Јавните општински установи - детски градинки.

Проектот Инклузија на деца Роми во предучилишното образование 2019/2020, продолжи тековно да се имплементира и заклучно со јуни опфатени се 273 деца во 15 општини (15 градинки) и вкупно 208 деца повторно во 3те општини поддржани преку ИПА проектот.

Поради КОВИД пандемијата за време на периодот на информирање март-јуни 2020, се реализираа 8 онлине мониторинг средби со вклучените градинки во проектот, со родителите и децата, негувателките Роми, воспитувачките, медијаторите во насока на следење на процесот на онлине наставата во градинките.

Подготвена е и поднесена нова апликација за учебната 2020/2021 до Ромскиот едукативен фонд.

Се направи нова реалокација за доделување на 103 таблети како помагала за продолжување на предучилишното образование. Подготвен е нов проект за Инклузија на деца во предучилишно образование период септември 2020 – август 2021.


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Доставена е информација до Влада за реализраните активности во рамките на проектот и продолжување на процесот на пилотирање на мерката за предучилишно образование за деца Роми во 15 општини.

## Ромски Информативни Центри

Во текот на периодот за ивестување, Ромските информативни центри работеа со граѓаните, согласно проблемите и потребите на заедницата, континиурано според своите работни планови. Во текот на март – јуни 2020 година од страна на РИЦи дадени се вкупно 126 услуги, со фокус на социјалните услуги од областа на (социјална заштита -120, домување -2 и образование-4).

Во овој период РИЦи работеа на информирање на заедниците по однос на објавените огласи за мерките и програмите согласно Оперативниот план за вработување во рамки на АВРСМ. Активни беа огласите за субвенционирање, практиканство, обука за побарувани занимања.
До крајот на периодот на информирање функционираат 3 Ромски Информативни Центри (Гостивар, Кочани, и Делчево).

## Акција за евиденција на лица во матична книга на родените

Подготвен е Акционен план за Имплементација на Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени. Акциониот план содржи ургентни мерки кои е потребно да бидат превземни од страна на релевантните институции (Управата за водење на матични книги и Министерството за внатрешни работи) во процесот на обезбедување на посебен извод на родени и документ за идентификација.
Формирања е работна група за следење и имплементација на акцискиот план во согласност со донесениот закон.
Подготвена е уредба со правна законска сила за одложуавње на рокот за поднесување на барање до Управата за водење на матични книги и Министерството за внатрешни работи за добивање на посебен извод од матична книга на родените и посебен документ за идентификација.
Со законска правна уредба на Владата, продолжен е рокот за пријавување предвиден во рамките на Законот за поднесување на барања за добивање на посебен извод од матична книга на родените / легитимација.

Кон понатамошно регулирање на ова, Министерството за правда изготви Правилник со кој се уредува начинот на водењето на евиденција на лицата кои не се запишани во матичната книга на родените, Правилник за утврдување на формата и содржината на пријавата за запишување, Посебен извод од матична книга на родени и Посебен извод на умрени.


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Донесен е Правилникот од Министерството за внатрешни работи за вадење на посебна индетификациона исправа. Ослободени се овие лиа од сите давачки за вадење на посебниот извод на родени.

Хуманитарни пакети беа дистрибуирани на сите 700 нерегистрирани лица во соработка со Центрите за социјална работа и националниот Црвен крст.

**Мерки за времено згрижување на затекнатите лица под Кале**
И во овој период остануваат дислоцирани 15 семејства (101 лица, 35 возрасни и 66 деца) во надлежност на Министерството за труд и социјална политика и сместени се во привремените живеалишта во Визбегово.

Ромска невладина организација активно работи со овие лица во насока на подобрување на ниванта состојба во областа на образованието и вработувањето како и подигање на свеста кај семејствата во насока на нивна самоодржливост.

Во април 2020 со поддршка на Црвениот крст на Република Северна Македонија на семејствата им се дистрибуирани пакети со прехранбени и хигиенски продукти. Ваква подршка е доделена и на смејствата сместени во Ранка Милановиќ. За децата дополнително се доделени пакети со облека и училишен прибор.

Со овие лица се работи исто така на индивидуално ниво и тековно се одвива процес на подготовка на индивидуални планови. Во работата со овие семејства се вклучени стручни лица од ЦСР, МТСП и 2 ромски НВОи. Продолжува работата со лицата во насока на подобрување на нивната состојба до нивниот престој во установата.
Поради состојбата со пандемијата КОВИД 19, сите активности беа фокусирани на хуманитарна поддршка и следење на владините мерки.

**РОМАКТЕД**

Дадени се информации до градоначалниците на 12-те општини преку нивните локални буџети да биде обезбедена поддршка согласно состојбата со пандемијата КОВИД 19.
Во соработка со општините, дистрибуирани се хуманитарни пакети за најзагрозените семејства во Битола, Берово и Тетово.
Во соработка со повеќе донатори и ромски невладини организации, преку структурите на РОМАКТЕД беа дистрибуирани 1.960 најсиромашни ромски семејства, прехрамбени и хигиенски пакети за 1.960 најсиромашни ромски семејства, во 12 општини во Република Северна Македонија.


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

РОМАКТЕД, заедно со сите 12 општини, е во процес на потпишување анекс, за продолжување на имплементацијата на малите грантови и издвојување дополнителни средства за справување со пандемијата COVID 19.

**Национално координативно тело**

На 06 март 2020 година, одржан е редовен состанок на Националното координативно тело. На состанокот беа презентирани реализираните активности во ресорните министерства во рамки на Стратегијата за Роми во период декември 2019-февруари 2020 година. Од страна на ресорните министерства беа изложени информации по однос на планираните буџети во рамки на своите институции.

**Проект за поддршка при вработување на Роми и други лица изложени на ризик од социјално исклучување**

Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во партнерство со Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во рамки на имплементација на четиригодишен проект кој се фокусира на подобрување на вработливоста и поддршка при вработувањето на најранливите групи со фокус на Роми, млади и лица со попреченост ја имплементира и АЦЕДЕР програмата.

Во рамките на проектот поради состојбата со пандемијата КОВИД 19, веќе на почетокот на месец април прекинати се сите теренски активности од страна на НВОи и мапирањето на лицата кои бараат работа беше продолжено во онлине форма. Поради пандемијата исто така онлине се спроведе обука за информирање на метододлогијата на АЦЕДЕР програмата.

Беше ангажирана ромска НВО за идентификација и посредување за ангажан на 50 лица Роми за вршење на јавни работи. Од април до средината на мај, направени се околу 80 индивидуални планови за лица кои можат веднаш да бидат вклучени во која било од активните мерки кога условите ќе бидат поволни.

**Други активности**

За време на периодот на известување, во рамки на два проекти кофинансирани од ЕУ (ИПА II) спроведени се следниве активности за решавање на домувањето во избраните ромски заедници.

Започнат е процесот на набавка на возила за собирање цврст отпад за Општина Велес. Постапката за набавка за подготовка на ДУП во општините Шуто Оризари и Велес е во завршна фаза.


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Финализиран е изборот на локални невладини организации за Велес и Шуто Оризари. Организирана е проценка на капацитетот на локалните НВОи во двете општини, преку специјално подготвен прашалник.

Во мај 2020 година беа дистрибуирани се 500 хигиенски пакети за најранливите семејства во Шуто Оризари, како директна поддршка за олеснување на состојбата со пандемијата КОВИД19. Поддршката беше набавена со одобрена пренамена на 5.000 евра од буџетот на проектот, првично наменети за работилници за здравствено образование кај граѓаните на Шуто Оризари. Општина Шуто Оризари подготви списоци на семејства кои се најтешко погодени од ситуацијата со епидемијата на Корона, а преку нивните кризни комитети и активистите на Црвениот крст ја организираа дистрибуцијата.

Првата фаза започна со реконструкција и реновирање на 11 куќи од најзагрозените ромски семејства во општина Виница. Покрај тоа, сите овие куќи добија поддршка за легализација на нивните домови и обезбедување на имотни листови за нивните домови. Во периодот што следи треба да се реновираат уште 11 куќи како втора фаза.

Во исто време, во тек е легализацијата за повеќе од 200 домови на ромски семејства.

Иницирана е постапката за усвојување и донесување на детален урбанистички план за блок 18 за целата ромска населба во општина Виница, во кој живеат околу 700 ромски семејства.

Во мај 2020 Поради состојбата со пандемијата КОВИД 19, дистрибуирани се 100 хигиенски пакети за најзагрозените семејства од страна на вклучените ромски НВОи.

**Предлози за Стратешко планирање**

**Министерство за образование и наука**

Во Стратешкиот план на Министертсвото за образование и наука, не се поединечно дефинирани мерки и активности во делот за образование на Роми, бидејќи Министертвото за образование и наука има дефинирано две програми специјализирани за Поддршка на образованието за Роми, 32 (Програма за поддршка на средното образование на Роми) и 11 (Програма за поддршка на Стратегијата за Роми), каде прецизно се дефинирани сите јавни мерки од Акциските планови за образование на Роми согласно Националната Стратегија и за кои е обезбеден буџет.


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Во новиот буџет за 2021 годинаа предложени се повторно да се поддржат финансиски како обврска сите нивоа на образование на Роми со вкупен буџет од околу 24.000.000 денари во двете програми.

**Министерство за здравство**

Во 2021 година како и во претходните години приоритет се даде на проектот за ромски здравствени медијатори. Во предлог Буџетот за 2021 година за имплементација на овој проект побарани се 3.060.000 денари. Истата активност е планирана и во Стратешкиот план на Министертво за здравство за 2021 година.

**Министерство за транспорт и врски**

Од страна на Министерството за транспорт и врски на 19.08.2020 година донесен е **Нацрт-стратешки план 2021-2023**, истиот е пратен до ГС.

Во истиот утврдени се следните **стратешки приоритети** поврзани со имплементација на Стратегијата на Ромите :

- подобрување на животниот стандард на населението и заштита на животната средина преку зголемување на бројот на системи за водоснабдување и одведување на отпадни води.

За остварување на стратешките приоритети се утврдени следните **приоритетни цели**:

- изградба, односно реконструкција на системи за водоснабдување и третман на отпадни води што ќе доведе до подобрување на квалитетот на живеење, особено во руралните средини.

Во горенаведениот Нацрт-стратешки план 2021-2023 планирани се финанскиски средства за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите и тоа :

- за 2021 година во износ од 20.000.000,00 денари и


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk